# Дистрибутерски договор

**Аква Сорс МВ Д.О.О.** Скопје
**ул. Алжирска бр. 30 Тафталиџе, 1000 Скопје, тел/факс: (+389 02) 30 91 076**
**даночен број: 4030 002 460271 жиро сметка: 330000072700909**
**Банка: Интернационална Приватна Банка**
www.aquasource.net.mk, e-mail: contact@aquasource.net.mk

Ве молиме пополнете читливо, со хемиско мастило и печатни букви

| | |
|---|---|
| **Име на Дистрибутерот:** | |
| **Адреса:** | |
| **Поштенски Код:** | |
| **Телефон:** | |
| **Факс/Мобилен:** | |
| **Емаил:** | |
| **Дата на раѓање:** | |
| **Адреса на доставување:** | |
| **Даночен број / ЕМБ:** | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Име на Спонзорот:** | Georgi Lyubenov Georgiev | | | | | | | |
| **Адреса на Спонзорот** | P.O. Box 81, 1000 Sofia, Bulgaria | | | | | | | |
| **Дистрибутерски број на Спонзорот:** | 5 | 0 | 0 | 3 | 6 | 6 | 9 | 5 |

Свесен сум дека сопружниците, лицата кои живеат заедно или (каде е потребно) законските партнери можат да бидат ко-дистрибутери или доколку еден од сопружниците е веќе дистрибутер, може да стане ко-дистрибутер, но не може да се спонзорираат меѓусебно и мора да имаат ист спонзор. (погледни во Политики и Процедури параграф 6)
Потврдувам дека информациите наведени погоре се вистинити и дека сум полнолетен и способен да го склучам овој договор. Мојот потпис потврдува дека ги прочитав, разбрав и прифаќам условите наведени на предната и задната страна од овој Дистрибутерски договор, Евро Бизнис Програмата и Политиките и Процедурите, секој од овие документи претставува неразделен дел од Дистрибутерскиот Договор пред потпишување на Дистрибутерскиот Договор.

Не е легално промотерот или учесниците во продажната шема било кого да убедуваат да го изврши плаќањето ветувајќи поволности од привлекување на други луѓе за да се приклучат на мрежата.
Не бидете залажувани од тврдењата дека лесно се постигнуваат високи заработувачки.
Доколку го потпишете Договорот, можете во следните 14 дена да го раскинете и да ги добиете парите назад.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Потпис на Дистрибутерот: | | | | | | | | |
| Дата: | | | | | | | | |
| Потпис во име на Aquasource (UK) Ltd: | | | | | | | | |
| **Единствен Дистрибутерски број:** | | | | | | | | |

Ве молиме секогаш да се повикувате и да го давате овој број кога ги правите Вашите нарачки
и при секој контакт и кореспондента со AquaSource.

AquaSource промовира и продава призводи базирани на алги, како и други комплементарни (дополнителни) прехрамбени и козметички производи и услуги.

Единствената финансиска обврска на Дистрибутерот, за периодот од 12 месеци од денот на склучувањето на договорот, е купување на Дистрибутерски Бизнис Пакет со соодветна вредност. Дистрибутерите ќе бидат известени со писмено известување 60 дена пред секоја промена во однос на финансиските обврски која ја имаат во период од 12 месеци од денот на склучувањето на Договорот. Политиките и Процедурите ќе важат како што следи:

**(1) Следното се додава како Параграф 32А:**

32А Политика за откуп на производите

Дистрибутерскиот договор може да биде раскинат од AquaSource или од Дистрибутерот со или без причина и без казна во кое и да е време со претходно писмено известување, но не покусо од четиринаесет дена или од AquaSource со седум дневно писмено известување за секоја повреда на одредбите или прекршување на Правилата и Процедурите. Процедурата за ова раскинување е во согласност со одредбите во одделот 33 од Политики и Процедури.

Дистрибутерот има право во период од 14 (четиринаесет) дена по склучувањето на Договорот да го раскине договорот, без казна, со писмено известување за раскинување, како и да го врати Дистрибутерскиот Бизнис Пакет и сите Производи кои се купени во тој период и кои останале непродадени доколку овие непродадени производи се во иста состојба како и на денот на купувањето (без разлика дали се отпечатени), како и на 100% паричен надоместок од страна на AquaSource за извршената уплата од страна на Дистрибутерот во врска со Дистрибутерскиот Бизнис Пакет и Производите.

Освен во случаите каде што обврските на Дистрибутерот се опрелени да траат после раскинување на договорот, Дистрибутерот ќе биде ослободен од сите идни договорни обврски кон AquaSource при раскинување на Договорот во секое време.

Доколку Дистрибутерот го раскине Договорот по 14 (четиринаесетиот) ден од склучувањето на Договорот, Дистрибутерот има право да ги врати на Aquasource Производите кои ги купил во период од 90 дена пред тоа раскинување, а кои останале не продадени, и да ги прими од AquaSource следниве работи:

а) цената (вклучувајќи го и ДДВ) Која Дистрибутерот ја платил за Производите, во случај на раскинување на Договорот од страна на Дистрибутерот, намалена за

(i) износ еднаков на смалената вредност поради оштетуване на некои Призводи предизвикани од некоја постапка или пропуст на Дистрибутерот.

(ii) разумен манипулативен трошок

б) доколку AquaSource го раскине договорот, цената (вклучувајќи го и ДДВ) која Дистрибутерот ја платил за Производот заедно се сите трошоци предизвикани од Дистрибутерот за враќањето на Производите на Компанијата;

в) секое такво рефундирање ќе се направи под услови кога стоката е неплатена со испораката на Производот или ако Производите се наоѓаат кај AquaSource во моментот; и

г) секое такво рефундирање ќе се направи под услови кога Производите не се наогаат кај Aquasource, а ќе бидат доставени во рок од 21 ден од раскинувањето на Договорот на трошок на AquaSource на адресата посочена на Договорот.

AquaSource има право да побара доказ за поседување, на пример, сметкопотврда од продажбата на Производите кои Дистрибутерот сака да ги врати на AquaSource во согласност со Договорот.

Дистрибутерот ги разбира и се согласува со тоа дека бонусот и провизиите платени во претходните 120 денови за Производите и Услугите кои што се вратени од Дистрибутерот, во неговата/нејзината мрежа, ќе бидат намалени од неговата/нејзината сметка со Компанијата во било кое време кога Дистрибутерот во нејзината/неговата мрежа го раскинува Договорот или е раскинат од страна на Aquasource.

Рефундирањето ќе биде извршено на ист начин како што е оригиналното плаќање т.е. доколку плаќањето е извршено со кредитната картичка на Дистрибутерот, враќањето на парите ќе биде исто така на кредитната картичка.

**(2) Следново се додава на Параграф 11 од Политики и Процедури:**

За период од седум (7) дена од денот после склучувањето на Дистрибутерскиот Договор, Дистрибутерот може да нарача Производи и Услуги само во износ до 300 евра.

(3) Оваа Политика ја опишува обврската на AquaSource во однос прибирањето и употребата на податоците за Дистрибутерот и клиентот кои ги поседува AquaSource. При тоа AquaSource се обврзува за:

- Да собира и обработува персонални податоци или информации кои содржат голем број налични податоци.
- Да ја проверува вистинитоста на персонални податоци, каде што е неопходно и да ги ажурира;
- Да ги чува персоналните податоци само за една или повеќе определени законски цели;
- Персоналните податоци да не се користат или откриваат на начин кој е надвор од предвидените законски цели;
- Да проверува дали персоналните податоци се точни, релевантни и непрекумерни во однос со определените потреби;
- Персоналните податоци да не се чуваат подолго од тоа што е неопходно за овие цели;
- Да превзема соодветни сигурносни мерки против неавторизиран пристап или менување, разоткривање и уништување на личните податоци, како и против случајно губење или нивно уништување.

Потврдувам дека бев информиран од AquaSource дека информациите што јас ги доставив до AquaSource (вклучувајќи ја МојаТа адреса и останатите поединости) ќе бидат задржани од AquaSource на компјутерска база на податоци и ќе бидат употребувани од страна на AquaSource при пресметување на провизиите за исплата, како и за потребите на AquaSource при водење на бизнисот. Потврдувам дека Aquasource има право да ги користи информациите согласно со потребите на други компании од групата на компании на AquaSource, вклучувајќи семејно поврзаните компании, субсидијарните компании, здружените компании кои се наоѓаат внатре или надвор од Европска Унија и на други лица, а посебно на други дистрибутери како дел од нивната генеологија. Јас дозволувам AquaSource да ги чува, обработува и прикажува информациите наведени погоре.

**(4) Во случај на неконзистентност или спротивтавеност на условите од овој Договор за Дистрибуција со оние наведени во Политиките и Процедурите, овој Договор за Дистрибуција ќе се смета за приоритетно важечки.**

**(5) Овој договор ќе стапи во сила од денот на прифаќање на договорот од страна на AquaSource со издавање на дистрибутерски број на дистрибутерот.**

**(6) Закон за облигациите од 1999 (правата натрети лица) нема да се применуваат на овој договор и сите права од овој акт се исклучени. Заштита на која и да е обврска да се плати на другата страна според овој договор, ниедна страна нема да биде обврзана на друга страна во Договорот во Contract Tort (вклучувајќи заштедите, Гудвил, Бизнис можности) и/или индиректна, намерена, случајна или следователна загуба или штета каде и да се појавила.**

Овој Договор ќе биде применлив согласно англискиот закон и страните кои се овде назначени се подложни на јурисдикцијата на англиските судови.